***ПОКАНА***

***за учество на курс на Тема: Производство Преработка и Пласман на Зеленчук и Овошје, Предизвици и Решенија***

Почитувани,

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје во соработка со „АгроНЕТ“ – Центар за образование и истражување, од Република Србија, го спроведуваат проектот „Професионални курсеви за компании од секторот овошје и зеленчук - Зајакнување на капацитетите на локалните мали и средни претпријатија за подобрување на нивниот пристап до регионалните и надворешните пазари“, а со поддршка на УСАИД EDGE. Во рамките на проектот ќе се одржи курс на тема „Производство Преработка и Пласман на Зеленчук и Овошје, Предизвици и Решенија“ во период од **21 до 23 Февруари 2024 година во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје.** Курсот е наменет за компании/комерцијални производители од секторот овошје и зеленчук. Учесниците преку интерактивни предавања и специфичени примери од практиките во производството преработката и пласманот на зеленчукот и овошјето како и теренски истражувања и вежби ќе се стекнат со вештини кои се базираат на современи и иновативни пристапи во производството и преработката на зеленчук и овошје, како и дигиталениот маркетинг, е-трговијата и тн.
Целта на курсот е на учесниците да им се овозможи знаење и искуство во обласа на производство преработката и пласманот на производите како и поквалитетен маркетинг, видливост и препознавање на нивните производи, поефикасна дистрибуција, намалување на трошоците, зголемување продажбата т.е. раст на профитот.

**Предавачите** се Професори од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при УКИМ кои се водечки експерти во своите области, со долгогодишно искуство во работата и учество во успешни проекти од овие области, како и професори од Универзитетот во Белград - Земјоделски факултет кои се исто така со долгогодишно искуство.

Учесниците на курсот плаќаат котизација за учество во износ од **1.100,00 денари**, која вклучува материјали за курсот, оброци, кафе пауза и **Сертификат за учество на курсот.**
Котизацијата треба да се уплати на сметката на **Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 160010454578810**.

**За учество на курсот Ве молиме пријавете се на следниот линк:**
**https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSefW-kPpBO1JtZDa5sPFVl2KyYj3csjJ7okryJKxlb8jm5IUQ/viewform?usp=sf_link**

**Локација:** Факултет за земјоделски науки и храна Ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.3

**Краен рок за пријавување** (плаќање на котизација) е **15 февруари 2024 година**.
За повеќе информации Ве молиме контактирајте го Проф. д-р Ромина Кабранова и М-р Стојанче Нечковски на следнативе е-маил адреси: romina@fznh.ukim.edu.mk и neckovski@yahoo.com

Со почит,
Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје

Декан
Проф д.р Вјекослав Танасковиќ